Здружение Совет за етика
ЕТИКА ПРЕС
273/0306
17.07.2018
Скопје

16.07.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 16 јули 2018 година, врз основа на примена жалба од Вања Мицевска, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

Интернет порталот „Радио Штип“ со текстовите „Ненаситникот бара уште пари“, „Сакаше да троши народни пари“ и „Советот за етика штити човек, кој нема морал“, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 1, 13 и 15.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 28 јуни и 5 јули 2018 година, Вања Мицевска поднесе жалба за три текста, насловени „Ненаситникот бара уште пари“, „Сакаше да троши народни пари“ и „Советот за етика штити човек кој нема морал“, објавени на 20 јуни, 26 јуни и 4 јули 2018 година, на интернет порталот „Радио Штип“ (www.radiostip.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, говор на омраза, пристрасност во информирањето, незастапена втора страна, навреда и клевета.

Според подносителот на претставката, со вест во низа, „Радио Штип“ пласира неточни, пристрасни и неетички информации и дека текстот се коси со сите новинарски кодекси.

*„Пред сѐ, се користи терминот „ненаситник“, кој претставува навреда. Со овој термин, се алудира на сопственикот на Канал 77, чија професионалност е наведена во многу извештаи и мониторинзи, но сепак, Радио Штип го нарекува дрндало од медиум, што претставува клевата“*, вели Мицевска во поднесената жалба.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, се обиде да стапи во контакт со интернет порталот „Радио Штип“ со цел да побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Обидите беа безуспешни, со оглед на тоа што беше невозможно да се добијат контакт податоци од одговорното лице во медиумот.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

**Комисијата за жалби утврди дека жалбата е ОСНОВАНА и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 1,13 и 15:**

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. До колку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 13:*** *„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот".*

***Член 15:*** *„Новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста".*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 16 јули 2018 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина. Најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во неа. Нејзина надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Членовите на Комисијата, најнапред, утврдија дека се работи за серијал од три текста, чии автори, кои не се потпишани, тенденциозно и со користење непримерен речник пренесуваат информација, која колку и да е веродостојна, се коси со основните принципите на објективното известување и етичките и професионални стандарди. Текстовите повеќе изобилуваат со навреди и непоткрепени коментари, отколку со издржани информации, кои треба да го побудат јавниот интерес. Авторите во сите три текста отстапиле од основното новинарско правило да побараат став од сите засегнати страни и да им се даде шанса да го кажат своето мислење. Според тоа, Комисијата за жалби, најде дека медиумот го прекршил членот 1 од Кодексот на новинарите, во кој посебно се издвојуваат следните реченици од првиот текст:

***„Комисијата за култура е на тешки искушенија и маки, како да не му згреши на Горан Гаврилов, односно на ГБЦ комуникации, со се' нивното дрндало од медиум. ГБЦ комуникации бара преку родот од прво колено, да троши пари како да се негови, иако тоа што го нуди во замена е ветер и магла".***

Постулат на новинарската професија е да се обезбеди „втора страна", односно да им се даде можност на сите засегнати страни во текстот да го кажат својот став. Ова особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања или кога некој е предмет на напад и критика.

Во продолжение, Комисијата утврди дека во текстовите е прекршен и членот 13 од Кодексот на новинарите, чие отстапување особено е нагласено во завршната реченица од вториот и воведниот дел од третиот текст:

***„ГБЦ комуникации само ја покажаа алавоста за пари и ништо друго. Да се бараат народни пари за личен ќар, а при тоа да се сте вратиле со добро, оди малку потешко".***

***„Советот за етика во медиумите е потресен од тоа што јавно кажавме дека некој сака да прави кафеански теревенки во сопствената кафеана со народни пари".***

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Точно е дека новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегнат дезинформирање и манипулации.

Комисијата, меѓу другото, најде дека во текстот е прекршен и членот 15 од Кодексот на новинарите, според кој новинарот мора да ја негува културата на говорот и етиката. Отстапувањето од ова начело е забележително во самиот наслов од првиот текст:

***„Ненаситникот бара уште пари“***

Неспоиво со новинарската професија е непримерната комуникација со јавноста. Новинарот мора да ги има на ум моралните стандарди на публиката на која и се обраќа.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Гоце Герасимовски, Теофил Блажевски и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет порталот „Радио Штип“ (www.radiostip.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595